Врз основа на член 13 став 5 точка (1) од Законот за ветеринарно здравство и член 18 од Статутот на Ветеринарната Комора на Македонија,Собранието на Ветеринарната Комора на Македонија на 27.11.2009 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
За формата, содржината и начинот на водење на регистар на докторите по ветеринарна медицина

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува формата,содржината и начинот на водење на регистарот на издадени,продолжени и одземени лиценци на докторите по ветеринарна медицина (во понатамошниот текст ДВМ).

### Член 2

Регистарот на издадени,продолжени и одземени лиценци на докторите по ветеринарна медицина (во понатамошниот текст Регистар на ДВМ) претставува посебна матична евиденција за ДВМ со лиценца за работа.

### Член 3

Докторите по ветеринарна медицина кои се членови на Ветеринарната Комора задолжително мора да бидат впишани во Регистарот на доктори по ветеринарна медицина на Ветеринарната Комора на Република Македонија.

Докторот по ветеринарна медицина е должен да поднесе барање за запишување во Регистарот на доктори по ветеринарна медицина.

Со барањето е потребно да се достави доказ за исполнување на условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и Статутот на Ветеринарната Комора на Македонија.

# 1. ФОРМА И СОДРЖИНА НА РЕГИСТАРОТ НА ДОКТОРИ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

**Член 4**

Регистарот и личните досиеа на докторите по ветеринарна медицина го води стручно-административната служба на Комората, а го надгледува комисија формирана од Извршниот одбор.

**Член 5**

Регистарот на членовите на Комората се води на два начина и тоа во писмена форма како книга за регистар на членови и во електронска форма.

**Член 6**

Регистарот во писмена форма се води во книга на која на насловната страница во горниот лев агол стои “Ветеринарна Комора на Република Македонија”,а на средината “Регистар на доктори по ветеринарна медицина”.
Пред почетокот на водење на Регистарот се забележува вкупниот број на страници со печат на Ветеринарната Комора на Македонија и со потпис на овластено лице за водење на регистарот.

**Член 7**

Регистарот најмалку содржи:

- Регистарски број
- Датум на запишување регистарот
- Лични податоци( име, презиме и матичен број )
- Податоци за издавање на лиценцата за работа
- Податоци за продолжување на лиценцата за работа
- Податоци за одземање на лиценцата за работа

## 2. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ДОКТОРИ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕИЦИНА

**Член 8**

Внесувањето на податоците во Регистарот го врши само лицето овластено од Извршниот одбор на Комората

**Член 9**

Регистарот во електронска форма се води врз основа на изготвена апликативна програма .
Личните податоците на ДВМ од став 1 на овој член се заштитени согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Член 10**

Во еден електронски запис може да се внесат податоци само за еден ДВМ.
Внесување на податоци за промени што ќе настапат во однос на продолжувањето и одземањето на лиценцата за работа, се врши со дополнување на податоците во постојните електронски записи.

**Член 11**

Во случај на погрешно внесување на податоци во Регистарот не се врши исправка со измена на податоците во постојниот електронси запис, туку исправката се врши со внесување на податоците на нов електронски запис, со точно определена целосна врска со електронскиот запис кој се исправа.

**Член 12**

Секое внесување на податоци во Регистарот е потпишано со електронски потпис од овластеното лице што го води Регистарот, кој и ги кординира сите активности потребни за гаранција на веродостојноста на податоците, неавторизиран пристап, промена и заштита од губење на податоците.

**Член 13**

По завршеното запишување на ДВМ во Регистарот, се врши известување во согласност со Правилникот за издавање, продолжување и одземање на лиценци за работа.

**Член 14**

На барање на ДВМ може да се издаде извод за извршен упис во Регистарот.
Комората е должна еднаш месечно да доставува извештај за издадените, продолжените или одземените лиценци за работа до МЗШВ, Управа за ветеринарство.
Податоците од Регистарот се заштитени согласно Законот за заштита на лични податоци.

## 3. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 15**

Овој правилник стапува во сила по добивањето на согласност од Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство.

| | |
|---|---|
| **Директор на Управа за Ветеринарство** | **Претседател на Ветеринарна Комора на Р. Македонија** |
| **Г-дин.Дејан Рунтевски** | **М-р.Стојан Тољков** |
| _____________________________ | _____________________________ |

**Одобрил**

**Министер за Земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Г-дин. Љупчо Димовски**

_____________________________

**М.П**